

# ШТО АКО ТИ ЗАТРЕБА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ ВО СТРАНСТВО
## со полиса за патничко осигурување од Винер?

## ВО МОМЕНТОТ КОГА ИМАШ ПОТРЕБА ОД МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Веднаш јави се во Дежурниот Центар на асистентската компанија чиј број е наведен на полисата. Во случајот на Винер Осигурување тоа е КОРИС односно телефонскиот број +381 11 36 36 999. Од таму ќе те упатат во најблиската медицинска установа.

Биди подготвен, на барање на операторот да ги дадеш основните лични податоци, твои или на оној кој има потреба од медицинска помош (име и презиме, број на полисата)

Биди подготвен да оставиш телефонски број на кој би можеле да те побараат по потреба.

Биди потготвен да ја опишеш настанатата ситуација и да постапиш според добиените инструкции.



## ПО ПРИСТИГНУВАЊЕТО КАЈ ЛЕКАР

Овозможи му на лекарот увид во полисата

Доколку од лекарот добиеш формулар за околностите под кои настанал осигурениот случај, задолжително пополни го.

По завршувањето на лекарскиот третман обезбеди ја документацијата од лекувањето која дава увид во добиените медицински услуги.

## ПО ВРАЌАЊЕТО ДОМА – ПРИЈАВА НА СЛУЧАЈОТ

Доколку трошоците за здравствени услуги се во висина до 100 евра, се плаќаат на лице место, а истите ќе ти се надоместат по враќањето во земјата.
За тоа е потребно да извршиш пријава со достава на следниве документи во Винер:

- Пополнет образец за пријава на штета (достапен на веб страницата и во сите филијали)
- Примерок од полисата
- Копија од пасошот, заедно со страниците на кои се гледата датумот на влез и излез од државата во која е добиен третманот
- Медицински извештај со јасна дијагноза и опис на пружениот третман, заедно со оригиналните сметки за пружената услуга кои гласат на твое име.

mojprijatel.mk

МОЈ ПРИЈАТЕЛ